**MACEDONIAN BASKETBALL FEDERATION**

Boul. Kuzman Josifovski Pitu 17, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel/fax: +389.2.2461644; +389.2.2461715; +389.2.2461541
E-mail: contact@basketball.org.mk
Web: www.basketball.org.mk

3-Jun-10

| | |
|---|---|
| To | Кошаркарските Клубови во Република Македонија |
| Subject | Преоден рок за кошаркари/ки |

1. Согласно член 20.1. од Регистрацискиот правилник на МКФ, ве известуваме дека единствениот Преодниот рок за кошаркари/ки за натпреварувачката сезона 2010/11, започнува на 15 Јуни 2010 и завршува 24 часа до почетокот на вториот дел од сезоната во соодветното натпреварување/лига. Пропишаниот рок до кој клубовите **мораат** да достават Пријавна Листа со играчи за натпреварување во лигата во која оствариле право на натпреварување е **1 Септември 2010**.

**ВАЖНА НАПОМЕНА**: СЕ ИНФОРМИРААТ КЛУБОВИТЕ НАВРЕМЕНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧИТЕ. РОКОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧКА ЛИЦЕНЦА ЗА ИГРАЧ Е 7 ДЕНА И РЕГИСТРАЦИСКАТА КОМИСИЈА НА МКФ НЕМА ДА СНОСИ ОДГОВОРНОСТ ДОКОЛКУ НАТПРЕВАРУВАЧКАТА ЛИЦЕНЦА ЗА ОДРЕДЕН ИГРАЧ НЕ Е ОДОБРЕНА И ИЗРАБОТЕНА АКО ВО МЕЃУВРЕМЕ ЗАПОЧНЕ НАТПРЕВАРУВАЊЕТО. **ПРЕПОРАЧАН ПОСЛЕДЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ИГРАЧ Е (24 СЕПТЕМВРИ), ЕДНА СЕДМИЦА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ПРВОТО КОЛО ВО НАТПРЕВАРУВАЊАТА ВО СЕЗОНАТА 2010/2011.**

Првиот Билтен на Регистрациска Комисија ќе биде издаден најдоцна 7 дена по почетокот на натпреварувачката сезона 2010/2011 и во него ќе бидат евидентирани само играчите за кои е доставена комплетна документација и имаат одобрена лиценце 24 часа до почетокот на сезоната. Вториот Билтен ќе биде издаден 7 дена по почетокот на вториот дел од првенството и во него ќе бидат евидентирани конечните листи на екипите со сите играчи кои оствауваат право на настап до крај на сезоната 2010/2011.

2. Преодниот рок се однесува за

- Прва кошаркарска сениорска лига (мажи и жени)
- Втора кошаркарска сениорска лига (мажи и жени)
- Трета кошаркарска сениорска лига (мажи)
- М20 младинска лига (мажи)......... родени 1991 и помлади
- М18 јуниорска лига (мажи).......... родени 1993 и помлади
- М18 јуниорска лига (жени).......... родени 1993 и помлади
- М16 кадетска лига (мажи)............ родени 1995 и помлади
- М16 кадетска лига (жени)............ родени 1995 и помлади
- М15 лига на помлади кадети (мажи).. родени 1996 и помлади
- М14 лига на постари пионери (мажи).. родени 1997 и помлади
- М14 лига на помлади кадети (жени)... родени 1997 и помлади
- М13 пионерска лига (мажи).......... родени 1998 и помлади
- М12 минибаскет лига (мажи)......... родени 1999 и помлади
- М12 минибаскет лига (жени)......... родени 1999 и помлади

3. Најдоцна до 01.09.2010 година треба да се достават пријавните листи на екипите, со потребна документација, наведена во член 12 од Регистрацискиот правилник.

4. Кошаркарите/ките родени 1992 потпишуваат прв договор

5. Договорите за сите играчи мора да бидат заверени на нотар, и мора да бидат комплетно и прецизно пополнети во делот за времетраење на договорот и финансискиот дел.

6. Кошаркарите/ките родени 1993 и помлади потпишуваат изава/пристапница

7. Кошаркарите/ките родени 1991 и помлади можат да добијат двојна лиценца, согласно член 35 од Регистрацискиот правилник на МКФ

8. На веб страната на МКФ **www.basketball.org.mk**, можете да ги најдете Регистрацискиот Правилник на МКФ, Правилникот за лиценцен систем за категоризација на клубови и Барање за издавање на лиценца

9. Сите клубови најдоцна до 15.06.2010 година мора да ги подмират своите долгувања спрема МКФ, за да може да пријават учество на екипа и регистрација на играчи во натпреварувачката сезона 2010/11.

Регистрациска комисија